**Република македонија**
**Државна изборна комисија**
**Бр07-453/3**
**21 февруари 2014 година**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11 – Пречистен текст, 142/12, 14/14 и 32/14-Пречистен текст)), Државната изборна комисија на седницата одржана на 21 февруари 2014 година, го даде следното

УПАТСТВО
за примена на член 113 став 3 од Изборниот законик
-за лица кои се наоѓаат на издржување мерка куќен притвор-

1. Избирачот кој на денот на гласањето се наоѓа на издржување на мерка куќен притвор, доколку сака да го оствари своето право на глас, преку овластен полномошник ќе ја извести Општинската изборна комисија која е надлежна за местото каде што избирачот е на издржување на мерката куќен притвор, најдоцна три дена пред денот определен за гласање.

2. Општинската изборна комисија врз основа на претходно добиен список од страна на Државната изборна комисија за лицата кои се наоѓаат на издржување на мерка куќен притвор (чл.43 став 2 од Изборниот законик) ќе состави список на сите уредно пријавени лица кои се на издржување на мерката куќен притвор.

3. Гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор го спроведува избирачкиот одбор од соодветното избирачко место каде избирачот е запишан.

4. Избирачкиот одбор , гласањето на лицето на кое му е изречена мерка куќен притвор, го спроведува со посебна кутија за гласање која е запечатена и која избирачкиот одбор ја носи во домот каде што се наоѓа избирачот, еден ден пред денот определен за глсање.

5. За денот и часот на гласањето на лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор, претседателот на општинската изборна комисија ги известува претставниците на подносителите на листите.

6. Овој начин на гласање Избирачкиот одбор го внесува во записникот на денот на гласањето ( Образец број 16) .

7. Лицето кој е на издржување на мерка куќен притвор ќе гласаат на начин што општинската изборна комисија ќе подготви изборен материјал и навреме ќе го достави до надлежниот избирачки одбор (плико адресирано на име на лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор и празна гласачка кутија).

8. Пред започнување на гласањето на лицето на кое му е изречена мерка куќен притвор, избирачкиот одбор од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирани лица на кои име е изречена мерката куќен притвор а кои се пријавиле да гласаат од соодветното избирачко место.

9. При спроведување на гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, избирачкиот одбор ја користи гласачката кутија која му е предадена од страна на Општинската изборна комисија и истата ја користи и на денот на гласањето. Избирачкиот одбор со себе го носи и изводот од Избирачкиот список на кој лицето кое е на издржување на мерката куќен притвор се потпишува.

10. Капакот на гласачката кутија за гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти, пред да започне гласањето.

11. Овие лица гласаат на начин утврден во членот 109 и 110 од Изборниот законик и на истите им се овозможува тајноста на гласањето.

12. Гласачкото ливче, лицето на кое му е изречена мерката куќен притвор, по завршување на гласањето го превиткува, го става во посебен плик, го залепува пликот и така залепеното плико, го пушта во гласачката кутија.

13. По завршеното гласање пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија а отворот на гласачката кутија се запечатува со нумерирана односно сигурносна лента.
    ИВодот од избирачкиот список се става во проѕирна пластична кеса заедно со кочанот од гласачките ливчиња, кесата се запечатува со нумерирана сигурносна лента.

14. Доколку лицето на кое му е изречено мерката куќен притвор, иако пријавен дека сака да гласа, одбие да гласа, неупотребеното гласачко ливче не смее да се користи на денот на изборите. На нив им се откинува десниот долен

агол, и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето на денот на изборите.

15. На денот на изборите, пред почетокот на гласањето, од гласачката кутија од гласањето на лицата на кои им е изречена мерката куќен притвор, се вадат пликовите и поединечно се отвараат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачка кутија без да се види за кого е гласано. На крајот, гласачката кутија се запечатува со нумерички сигурносни ленти.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Никола Рилкоски